UDK: 61+061.231=866=20 CODEN:MKMPA3 ISSN0025-1097

МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# КНИГА НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK

*IV Македонски психијатриски конгрес*
*со меѓународно учество*

*IV Macedonian Psychiatric Congress*
*and International Meeting*

**Охрид, 27-31 мај 2009**
**Ohrid, 27-31 May 2009**

МАКЕД. МЕД. ПРЕГЛ. ГОД 63 (СУПЛ. 74), СТР 1-123, 2009

P-212

## WITHDRAWAL SYNDROME FOLLOWING DISCONTINUATION OF BENZODIAZEPINE ABUSE

**Stojcheska N.**, Ristevska G., Stepanoska J., Filov I., [redacted]
Manusheva N., Stefanovski B.
JZU Psihijatriska bolnica, Demir Hisar
JZU Univerzitetska klinika za psihijatrija, Skopje

This is a case-report of 49 years old patient with social phobia and chronic use and dependence of benzodiazepine. Long-term use of benzodiazepine caused the development of tolerance and dependence. In the last four years he used benzodiazepine in dosage of 120 mg/day, because of the persistence of symptoms of physical dependence, anxiety, insomnia, depressive mood, headache, poor memory and concentration and psychomotor retardation. Hospital treatment was started with antidepressant and antipsychotic at low dosage. The benzodiazepine was discontinued abruptly, and day after discontinuation we registered rebound symptoms like anxiety, insomnia. At the third day started developing of withdrawal syndrome: anxiety, excitability, poor concentration, insomnia, depression, hand tremor, palpitation, diarrhoea, sweating, stiffness, dry mouth, speech difficulties. Maximal intensivity and severeness of the symptoms were registered on the sixth day: irritability, agitation and confusion. Benzodiazepine was introduced again which was followed with period of slow reducing the dose for six weeks with less severe withdrawal symptoms and permanent use of antidepressant. The treatment was continued in daily hospital. **Conclussion**: When we have a patient with benzodiazepine misuse and abuse we should discontinue the drug very slowly and with use of appropriate psychopharmacotherapy.

P-213

## УПОТРЕБА НА ДРУГИ СУПСТАНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ВКЛУЧЕНИ НА МЕТАДОНСКИ ПРОГРАМ ВО СПТЗД ШТИП

**Стојменова М.**, Панева В.
Служба за превенција и третман на злоупотреба на дрога - ЈЗУ Општа болница Штип

**Вовед** Зависноста е современа болест која зема се поголем замав. Еден начин за намалување на штетите е програмата на одржување со метадон. Но и покрај вклученоста на терапија на одржување со метадон, зависниците често посегнуваат и по други психоактивни супстанции.
**Цел** на ова истражување е да се определи застапеноста на употребата на на други супстанции кај лицата вклучени на метадонски програм.
**Материјал и методи** Истражувањето е спроведено на примерок од 39 испитаници на возраст од 20 до 38 години. Од испитаниците 37 се мажи а 2 се жени вклучени на метадонска терапија на одржување. Податоците се добиени со користење на нестандардизиран прашалник и брзи тестови за откривање на присуство на ПАС во урината. Испитувана е употребата на цигари, алкохол, марихуана, бензодијазепини и хероин. **Резултати** Во текот на третманот на одржување со метадон, 39 од испитаниците пушат цигари, алкохол конзумираат 19, 17 користат марихуана, 33 употребуваат бензодијазепини и 14 земаат хероин. **Заклучок** Од спроведеното истражување може да се заклучи дека употребата на други ПАС кај пациентите на метадонски програм е изразена во голем процент.

P-214

## ЕФИКАСНОСТА НА SEROXAT ВО ТРЕТМАНОТ НА ДЕПРСИВНАТА СИМПТОМАТОЛОГИЈА ВО РАНИОТ ПОСТДЕТОКСИКАЦИОНИЕН ПЕРИОД

**Суботин-Поповска О.**, Савевска М; Сапсовска-Трајановска А; Владимирова М; Арсова Р.*; Пачоска Н
ЈЗУ Психијатриска болница Скопје
*Центар за превенција и третман на зависници од дроги Штип

**Вовед:** Детоксикацијата како метод на третман на опијатната зависност е следен со висок степен на рецидивност. Раниот период на апстиненција после извршената детоксикација е проследен со намалување на нивото биогените амини во плазмата, манифестирано најчесто со појава на нарушувања на афективен план како депресија, дисфорија и анксиозност.
**Цел:** на оваа студија е да се согледа ефикасноста од употребата на антидепресивите од групата на SSRI (Seroxat) во постдетоксикациониот период односно во редуцирањето на депресивната симптоматологија и стабилизирање на апстиненцијата односно превенирање на рецидивот.
**Материјал и методи:** Во студијата беа вклучени 32 зависници (28 мажи и 4 жени) од хероин по претходно разрешен апстиненцијален синдром со симптоматска детоксикациона терапија што беше потврдено со направените токсиколошки тестови на урина на денот на вклучување во студијата. Првата група ја сочинуваа 16 пациенти (13 мажи и 3 жени) кои беа третирани со Seroxat во дози од 20-30 mg/ дневно, додека втората група ја сочинуваа 16 пациенти ( 15 мажи и 1 жена) кои беа поставени на плацебо. Сите пациенти беа следени во период од 4 недели со иследувања кои опфаќаа токсиколошка анализа на урина како и Бековата скала за депресија (Beck Depression Inventory)